Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 13.12.2023

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (12 декември) околу 10 часот и 45 минути во Тетово го лишиле од слобода 22-годишниот тетовец М.М. затоа што при преглед кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе биде изготвен соодветен поднесок.

Ноќеска (13 декември), половина час по полноќ, на улица „Никола Парапунов" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Д.Ш.(21) и А.Н.(24), двајцата од Гостивар. При преглед кај нив пронајдена и одземена е марихуана. Двајцата се задржани во Полициската станица Гостивар за расчистување на случајот и ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 12.12.2023 во 14.40 часот на подрачјето на Шуто Оризари, полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари го лишиле од слобода С.С.(40) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.12.2023 полициски службеници од ОВР Берово го лишиле од слобода В.Б.(40) од Пехчево. Тој бил баран со потерница по наредба од Казнено поправна установа Затвор Штип за домаздржување на казна затвор од три години. Лицето е предадено во надлежната казнено поправна установа.

На 12.12.2023 во 14.50 часот на ул. „Маршал Тито" во Штип полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Ј.Д.(20) од Штип. Полициските службеници кај него пронашле и одзеле марихуана и грутчеста материја. По комплетирање на случајот против Ј.Д. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2023 во 16.35 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Христо Татарчев" патничко моторно возило „опел" со скопски регистарски ознаки управувано од Д.Б.(51) од Скопје удрило во велосипед управуван од А.З.(36) од Тетово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 12.12.2023 во 05.30 часот било пријавено дека на магистралниот пат Куманово-Крива Паланка, на мост од река Пчиња, атар на с.Војник, општина Старо Нагоричане, товарно моторно возило „фолксваген" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Т.(65) од с.Петралица, општина Ранковце удрило во В.Т.(87) од с.Војник. Во несреќата, лешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 12.12.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Центар В.П.(21) од Битола, пријавила дека во дворот на факултетите при УКИМ била касната од куче скитник.

На 12.12.2023 во 19.00 часот во Полициската станица Драчево Л.К.(61) од Скопје пријавила дека во с.Долно Лисиче била касната од куче скитник.

На 12.12.2023 во 19.00 часот во Полициската станица Карпош С.Т.(51) од Скопје пријавил дека на ул. „Варшавска" бил каснат од куче скитник.

Денеска (13.12.2023) во 03.50 часот во Битола полициски службеници од СВР Битола лишиле од слобода 16-годишен малолетник од Битола заради сомнение за сторено кривично дело „разбојништво" казниво по член 237 ст.1 од КЗ. Имено, малолетникот на 13.12.2023 во 03.20 часот на ул.„Партизанска" во Битола физички го нападнал Д.С.(68) од Битола и му го одзел паричникот. Малолетникот во присуство на родител е приведен во полициска станица Битола, при што во целост го признал кривичното дело, а украденото е вратено на сопственикот. По документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (12.12.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 138 возачи. Од нив шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 60 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 78 надвор од населено место.

На 12.12.2023 во 19.30 часот полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.С. (52) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена марихуана и дробилка. А.С. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 12.12.2023 во 15.40 часот во Полициската станица Струмица О.С. (40) од Струмица пријавила дека околу 14.20 часот во Струмица нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 12.12.2023, по добиена судска наредба, извршен е претрес во домот на Р.Ј.(61) од Охрид. Притоа, полициските службеници пронајдоа и одзедоа 107 куршуми, различен калибар кои, нелегално ги поседувал. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (12.12.2023) во периодот од 08.00 до 12.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе сообраќајна контрола за санкционирање на возила кои не даваат првенство на минување на крстосница на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 55 возачи. Од нив, 18 на територијата на СВР Тетово, 11 на територија на СВР Скопје... При контролата санкционирани се и 158 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 12.12.2023 во 09:30 часот во ОВР Кичево, Ј.К.(56) од кичевското село Лактиње, пријави дека, на улицата „4 јули" во Кичево била касната од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.С.(56) од кичевското село Осој, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство". Тој, на 10.12.2023 околу 14 часот во шумски појас во атарот на кичевското село Бигор Доленци, при лов, од ловечка пушка испукал и го погодил Д.Ј.(40) од истото село, по што Д.Ј. починал.

Полициски службеници на СВР Тетово во содејство со Управата за јавни приходи и Државен трудов инспекторат вчера (12 декември) од 12 до 13 часот спроведоа акциска контрола во три трговски објекти во Тетово, при што во два од нив откриени и одземени се повеќе производи поради сомнение дека сопствениците на објектите сториле кривично дело „повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма". Против Б.Н.(42) и З.Н.(54) од Тетово, сопственици на објектите, по целосно документирање на случајот ќе бидат изготвени поднесоци по член 285 од Кривичниот закон.

На 12.12.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци од кои 9 надвор од населено место и 4 во населено место. Санкционирани биле и 22 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 5 за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон, 1 за непочитување првенство на минување, 1 за непрописно престројување и 8 за непрописно паркирање.

На 12.12.2023 во 13.10 часот во СВР Штип М.Д.(66) од с.Габрово, делчевско пријавил дека во неговата стара куќа во распаѓање во с.Габрово во ѕидот пронашол четири неексплодирани рачни бомби. Увид на местото извршиле увидна екипа од ОВР Делчево во содејство со пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување и неексплодираните рачни бомби биле подигнати и пренесени во Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 12.12.2023 во 08.00 часот, во ОВР Македонски Брод И. В.(76) од Македонски Брод пријавила дека на ул. „Никола Карев" била касната од куче скитник.

На 12.12.2023 во 19.30 часот полициски службеници од ОВР Прилеп на ул.„Гостиварска" во Прилеп заради сомнение за сторено кривично дело тешка кражба во куќа ги лишиле од слобода Ц.Ц.(23) и тројца малолетници, сите од Прилеп. По документирање на случајот, против сторителите ќе следува соодветна кривична пријава.

На 12.12.2023 во 20.30 часот во СВР Скопје Ф.Р. (39) од Скопје пријавила дека околу 10.30 часот во населбата Илинден нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2023 во 18.44 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на подрачјето на Аеродром едно лице со закана се обидело да одземе пари од вработените, но не успеало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2023 во 13.30 часот во СВР Скопје Г.П.(44) од Скопје пријавил дека околу 09.30 часот во основно училиште на подрачјето на Карпош неговиот малолетен син бил нападнат од негов соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2023 во 12.50 часот во СВР Скопје С.Р.(39) од с.Марино, скопско пријавил дека во селото бил физички нападнат од М.Т. и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2023 во 18.50 часот во СВР Скопје Х.М.(51) од Скопје пријавила дека околу 18.00 часот во двор од основно училиште на подрачјето на Шуто Оризари нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку соученици. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје М.Б.(73) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од Д.И. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2023 во 07.28 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на Комплексот клиники „Мајка Тереза" во бараката на Управата на Клиничкиот центар настанал пожар во канцеларија. Повредени лица нема. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат.

Денеска (13.12.2023) во 04.30 часот во с.Марино-скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Т.(38) од Скопје поради тоа што на 12.12.2023 околу 17.00 часот во домот со тврд предмет физички го нападнал неговиот брат Д.Т. (35) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.12.2023 во 12.00 часот во Полициското одделение Петровец Т.Ц.(66) од с.Огњанци, скопско пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

На 12.12.2023 во 11.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров М.С.(42) од с.Љуботен, скопско пријавил дека на ул.„Лука Геров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.Љ. (20) и И.Ч. (27) двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 24.10.2023 година во Тетово во два наврати физички го нападнале Г.С од Тетово.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.Т.(20) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или експлозивни материи". На 28.08.2023 година од страна на полициски службеници, извршен бил преглед над пријавениот и во неговиот личен багаж пронајдено и одземено е ловна пушка, десет патрони, три куршуми и нож.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет